Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 339, 1 март 2024 година

март 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА


**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **3**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕХАНИЗАЦИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ЃОРГИ КУКУТАНОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП** ........ **10**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА МЕНИ” ОД ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **13**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „АПАРАТИ И ИНСТРУМЕНТИ ВО ОПТОМЕТРИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р СТРАХИЛ ГАЗЕПОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **15**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3** ........ **17**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **17**



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ**
**ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-135/3 од 20.12.2023 година донесена на 252. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 19.12.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- д-р Игор Камбовски, редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- д-р Марија Амповска, вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- д-р Милица Шутова, вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 24.11.2023 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **м-р Ана Панева.**

Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека приложената документација од кандидатката навремено е доставена со сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката м-р Ана Панева е родена на 5.8.1992 година во Штип. Во 2016 година дипломирала на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како студент на генерацијата со највисока просечна оценка 9.55 и се здобила со стручно звање дипломиран правник - Правосудна насока. По завршувањето на вториот циклус студии (Правосудна насока) со просечна оценка 10, кандидатката м-р Ана Панева во ноември 2019 година го одбранила магистерскиот труд на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се стекнала со звање магистер на правни науки - Правосудна насока.

Во периодот од 1.10.2016 до 1.10.2017 година работи како практикант-волонтер во Основниот суд во Штип. Од 1.6.2018 година до денес е ангажирана како проектен координатор на неколку проекти во Здружението на правници „Легал тинк“ во Штип. Од 1.9.2018 до 1.10.2020 година работи како практикант во Основното јавно обвинителство во Штип. На 22.1.2018 година кандидатката м-р Ана Панева го положила правосудниот испит.

Во 2021 година е вработена како асистент на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во научната област граѓанско право, и целосно е вклучена во одржување на вежби на прв циклус на студиска програма Правни студии (предмети: Граѓанско право – општ дел, Наследно право, Меѓународно приватно право, Граѓанско процесно право, Историја на правото, Римско право, Граѓанско право – применета програма).

Во 2021 година се запишува на докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиска програма Граѓанско право.

Од приложената документација се гледа дека кандидатката пројавува интерес за науката и постојаното усовршување преку нејзино активно учество на меѓународни и домашни конференции и семинари, кои ќе бидат прикажани во натамошниот текст на референтот. Ова ја докажува нејзината посветеност кон континуирано усовршување и споделување на знаењето во оваа област.

Во својата досегашна научноистражувачка работа, освен изработениот и одбранет магистерски труд, кандидатката м-р Ана Панева има објавено и неколку труда во референтни научни публикации, прикажани во делот од референтот посветен на научноистражувачката активност на кандидатката.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

**Општи услови за избор:**

- Завршен прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити.

Кандидатката има завршен прв и втор циклус студии со 300 ЕКТС за што има приложено соодветни дипломи за завршено образование;

- Да има стекнато назив магистер од соодветната област.

Кандидатката има стекнато назив магистер на правни науки - Правосудна насока, при што Правосудната насока во себе ја опфаќа граѓанската научна област, согласно со содржината на студиската програма и Комисијата ја смета за соодветна област;

- Да има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и вториот циклус академски студии посебно, или на студиски програми на интегриран прв и втор циклус студии заедно.

Кандидатката има просечен успех од 9,55 на прв циклус студии и просечен успех од 10,00 на втор циклус на студии;

- Да има познавање на најмалку еден странски јазик.

Кандидатката има познавање на англиски јазик што се гледа од приложениот сертификат БУЛАТС.

**Посебни услови:**

- Да има објавено минимум еден научен труд.

Кандидатката има објавено 5 научни трудови во референтни научни публикации;

- Да покажува способност за изведување на високообразовна, наставно-научна дејност.

Во периодот од изборот до сега е вклучена како соработник-асистент и одржува вежби на прв циклус студии за предметите: Граѓанско право – општ дел, Наследно право, Меѓународно приватно право, Граѓанско процесно право, Историја на правото, Римско право, Граѓанско право – применета програма;

- Две препораки од професори од научната област на која се избира кандидатот.

Кандидатката има доставено две препораки од професори кои имаат увид во наставно-научното работење на кандидатката, како и нејзиниот професионален развој во академската средина.

Според членот 7 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, единствени критериуми и елементи за вреднување или доделување на поени (квантификација) за активностите на пријавените кандидати кои се избираат во звања се следниве: стекнато образование, резултати од научноистражувачка работа, резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок, стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност. За таа цел Комисијата, врз основа на приложената документација од кандидатот, како и од увидот во нејзиното работење преку е-репозиториум, ги утврди и вреднуваше следниве активности на кандидатката:

**Наставно-образовна дејност**

Својата наставно-образовна дејност м-р Ана Панева ја започнува во 2021 година, кога е редовно вработена како асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Вклучена е во изведување на вежби на повеќе предмети на прв циклус студии на Правен факултет, каде што се истакна со своите стручни, професионални и академски квалификации.

**На првиот циклус студии е вклучена за следниве предмети:**

На насока Правни студии во првиот семестар, предмет Граѓанско право – општ дел (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во првиот семестар, предмет Историја на право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во вториот семестар, предмет Римско право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во четвртиот семестар, предмет Наследно право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во петтиот и седмиот семестар, предмет Меѓународно приватно право (3+2+2), Штип и Струмица;

На насока Правни студии во шестиот семестар, предмет Граѓанско-процесно право (2+2+1), Штип и Струмица;

На насока Правни студии – модул Граѓанско право во седмиот семестар, предмет Граѓанско право – применета програма (3+2+1), Штип и Струмица.

2. **Научноистражувачка дејност**

Во поглед на научноистражувачката дејност, кандидатката м-р Ана Панева приложи и листа на публикации и достави и копии од истите, со што го потврдува и својот потенцијал и амбиција за творечка активност во сферата на правните науки. Во продолжение е прикажана кратка научна евалуација на научните трудови на кандидатката која ги доставува за избор на асистент:

**2.1. Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации**

1. Здравева А, Панев К. *Пристап до бесплатна правна помош во Република Македонија*. Зборник на трудови - секција млади истражувачи од 5. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2018, https://eprints.ugd.edu.mk/29346/

Авторите на овој труд ја истражуваат ефикасноста на системот на бесплатна правна помош во Република Македонија, анализирајќи го домашното законодавство и меѓународните конвенции. Дополнително, се фокусира на фактичката состојба на примената на ЗБПП, преку анализа на годишните извештаи на Министерството за правда, за да се утврди колку системот обезбедува еднаков пристап до правда на сите граѓани и ги идентификува недостатоците на системот на бесплатна правна помош.

2. Здравева А, Панев К. *Статус на инфлуенсерите во македонскиот правен систем*. Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија. 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/32468/

Во овој труд се елаборирани повеќе прашања поврзани со статусот и комерцијалната активност на инфлуенсерите во правниот систем. Во трудот се врши анализа на правните аспекти од договорите за соработка и правната основа за ангажирање на инфлуенсерите, како и дејствијата на инфлуенсерите низ призмата на правото и нивниот однос со правата и слободите на потрошувачите.

3. Здравева А. *Правна заштита на компјутерски програми*. Зборник на трудови - секција млади истражувачи од 9. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2022, https://eprints.ugd.edu.mk/32466/

Авторката во овој труд ја анализира законската регулатива за правна заштита на компјутерски програми, фокусирајќи се на предметот на заштита и елементите кај компјутерските програми кои се штитат со авторските права. Притоа, трудот ги истражува примената на законската регулатива низ праксата на Европскиот суд за човекови права, особено во случајот на SAS Institute Inc. vs. World Programming Ltd (WPL).

4. Донева Н, Здравева А, Трајковска Е. *De facto states*. Зборник на трудови -секција млади истражувачи од 9. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2022: стр. 33-50, https://eprints.ugd.edu.mk/32469/

Авторите во овој труд се фокусираат на истражување на државите познати како „непризнати држави", „делумно признати држави" или држави со спорна егзистенција. Се разгледуваат фактите, дебатите и анализите за апликативноста на меѓународните правила и сегментирање на државите според нивниот статус. Во трудот се истражува зошто овие држави уште немаат меѓународно признавање и каков е нивниот статус. Дополнително се елаборирани и неколку примери за државите кои се „обидуваат да се стекнат со меѓународно признавање", а се уште се борат со мноштвото факти и докази за нивно отфрлање.

5. Панева А. *Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности*. Зборник на трудови-секција млади истражувачи од 10. Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/32744/

Авторката во овој труд ја истражува можноста за раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности, ги анализира правните основи и законски одредби и ги идентификува параметрите што треба да се земат предвид при утврдување на релевантните промени. Во овој труд се дава анализа на факторите кои се правно релевантни за раскинување на договорот за доживотна издршка, фокусирајќи се на клучните промени како финансиски, промени во здравствената состојба, лични промени, промени поврзани со животните околности.

**2.2. Магистерски труд**

Во творечкиот опус на кандидатката влегува и магистерскиот труд. Магистерскиот труд е одбранет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во ноември 2019 година. Во трудот таа дава краток осврт на корупцијата во општеството и корупцијата во високото образование, како и елаборација на нејзината феноменологија и етиологија во високото образование. Во трудот се анализираат законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа тематика. Во магистерскиот труд е елаборирана содржината на антикорупциските одредби во сферата на високото образование и е направена анализа на потенцијалот на домашното законодавство за борба против корупцијата. Покрај теоретскиот пристап, кандидатката во трудот прави и анализа на резултати добиени од анкета која е спроведена на студентите при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, со цел да се измери нивото на корупцијата во високото образование. Истражувањето е составено од индикатори базирани на искуство, ставови и перцепција за корупцијата.

**2.3. Учество на меѓународни и домашни научни конференции**

- Учество на Меѓународна научна конференција „Systemic Agency in Extraordinary Situations: Experiences and Challenges“, со излагање на тема „Litigation proceedings for resolving family disputes during the state of emergency“, Правен факултет, Универзитет во Ниш, Србија, 20 април 2022 г.;
- Учество на Конференција „Одржливиот развој во правото и во политиките: патоказ за достигнување на целите на одржлив развој на Обединетите нации“, со излагање на тема „Улогата на парничната постапка во ефектуирањето на концептот одржлив развој”, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 6 јуни 2023 г.;
- Учество на Конференција „II Annual Scientific Conference of the Central European Academy“, со излагање на тема „Advantages, risk and rules for installing video surveillance in workplaces“, Central European Academy, in Budapest, 21-22 September 2023;
- Учество на Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, со излагање на тема „ Пристап до правда во македонскиот правен систем“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 28-29 септември 2023 г.

**2.4. Учество во научни проекти**

- Од 2017 до 2019 г. - Учесник во научноистражувачки проект „*Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, како млад истражувач;*

- Од 2021 до 2023 г. - Учесник во научноистражувачки проект „*Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките*“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член на истражувачки тим;
- Од 2022 до 2023 г. - Учесник во научноистражувачки проект „*Млади, миграции и образование*“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, како млад истражувач.

**3. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Членовите на Комисијата имаат можност да ја следат оваа дејност на кандидатката преку работата на наставно-научните совети, како и платформите на Универзитетот. Оттука, Комисијата утврди дека кандидатката учествува во остварување на повеќе активности врзани со организирање на конференции, настани, работилници, семинари и слично во рамки на Правниот факултет при УГД – Штип, од кои ги издвојуваме:

- Член на Организацискиот одбор на IX и X Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Уредник на студентско списание „Students Social Science Journal“, кое го издава Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- Член на Организацискиот одбор на X и XI Ораторска вечер на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Член на Правната клиника на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата внимателно ја разгледа приложената документација и при донесувањето на заклучокот се раководеше првенствено од условите наведени во Конкурсот, како и од одредбите на Законот за високото образование и од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Комисијата констатира дека кандидатката м-р Ана Панева ги доставила сите потребни документи и дека ги исполнува условите за пријавување на Конкурсот. По детално прегледување на приложените документи на кандидатката м-р Ана Панева, Комисијата заклучи дека кандидатката има завршено додипломски правни студии со просечна оценка 9,55 и постдипломски правни студии со просечна оценка 10, со што се стекнува со 300 ЕКТС односно со титулата магистер на правни науки - Правосудна насока. Врз основа на тоа, Комисијата констатира дека кандидатката го исполнува критериумот за магистер од соодветната област со просечна оценка од додипломски и постдипломски студии над утврдениот праг во Конкурсот. Кандидатката, исто така, има доставено сертификат за познавање на англискиот јазик, како еден од светските јазици. Покрај наставната дејност, кандидатката м-р Ана Панева покажува и значителна активност во поглед на вршење наставно-образовна дејност во област граѓанско право, како и научноистражувачка дејност што произлегува од објавените научни трудови, учество на проекти и научни конференции, и значителна активност во вршење на стручно-апликативна дејност, што се утврди преку членството во организациски активности и уредувањето на научни публикации.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатката м-р Ана Панева во целост ги исполнува законските услови и ги задоволува наставно-образовните, научните и стручно-апликативните критериуми определени со интерните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор на соработник во звање асистент. Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да го усвои овој извештај од Комисијата и да ја избере м-р Ана Панева за соработник во звање асистент за научната област граѓанско право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Игор Камбовски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Марија Амповска, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Милица Шутова, вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | | 9 | | | **9** |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | 4 | 3 | **12** |
| | | | | | | |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 1*1.5 | 1.5 | 3*2 | 6 | **7.5** |
| | Учесник во научен проект | 2 | 3 | | | **6** |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | **4** |
| | Уредник на зборник на трудови | 3 | 2 | | | **6** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **44,5** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕХАНИЗАЦИЈА“**
**ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ЃОРГИ КУКУТАНОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, бр. 1302-51/9 од 31.1.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Драги Таневски, редовен професор на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и

– д-р Зоран Димитровски, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за подготвување и доставување на писмен извештај – рецензија на ракописот за универзитетски учебник **„МЕХАНИЗАЦИЈА“**, поднесен од авторот **проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов** од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е „Механизација“, предметот е со наслов МЕХАНИЗАЦИЈА и се слуша во I семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма за предметот Механизација и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 320 страници, А1 формат со нормален проред, во 48 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, а содржи 286 слики, 15 табели. Обемот на ракописот по содржина целосно ги исполнува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис како универзитетски учебник.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на јазик разбирлив и близок до студентите. Содржи доста информации кои имаат за цел проширување на знаењето на студентите.

Вовед - интересот за прецизното земјоделство во процесот на технолошки развојот интензивно расте, примената на прецизното земјоделството може да биде разнолика. Преку овој систем можат да се добијат податоци за обработена површина, принос, брзина на движење, податоци за картографија на парцелите. GPS-системот, покрај одредувањето на положбата на земјоделската машина и нејзиното автоматско водење, исто така може да се користи за формулирање на граница на полето и топографски мапи.

Во следното поглавје е објаснето за видови на трактори и нивна примена во извршување на агротехничките операции. Објаснети се беспилотните летала - дроновите и нивната примена во земјоделството.

Во поглавјето 4 се објаснети машини за обработка и одржување на почвата. Обработката е од големо значење за одржување на земјиштето, исто така има и директно влијание и врз квалитетот и квантитетот на приносот на хектар површина.

Во поглавјето 6 се објаснети машините за дополнителна обработка. Во зависност од агротехничките барања се врши избор на агрегати или машини за обработка.

Во поглавјето 10 во зависност од агротехничките услови постојат голем број комбинации со тоа што при составувањето на една комбинација се води сметка работата на одделните алати меѓусебно да се дополнува за да се постигне оптимален квалитет на работа.

Во поглавјето 11 и 12 се објаснети какви конструкции на машини се користат во наѓубрување на површините. Во примена денес се среќаваат најразлични видови конструкции на машини за растурање на вештачките ѓубрива.

Во поглавјето 16 се објаснети машините за сеидба и нивна регулација за правилен распоред на семето по површина и длабочина, со што ќе се обезбеди простор за раст и развој на семето и притоа најголем принос во одредени услови. Современата индустрија за земјоделски машини предлага многуброен избор на машини за сеидба.

Во поглавјето 20 се објаснети видови на системи кои се користат во наводнувањето. Како резултат на примената на современата производна техника и технологија сè повеќе се применува ѓубрење со наводнување, бидејќи овозможува рационализација и економичност во земјоделското производство.

Во поглавјето 23 е објаснето за машините за апликација на заштитни средства на растенијата. Денес наоѓаат широка примена при апликација на поголеми површини. Ги има во најразлични изведби, во зависност од големината на посевот, и од големината на тракторот.

Во поглавјето 27 се објаснети повеќе конструкции на косачки, со механизиран погон, кои денес се поделени во три вида. Денес косачките го добиваат движењето од тракторите преку карданската оска или пак со хидромотор, кој директно е поврзан со хидрауличниот систем на тракторот.

Во поглавјето технологијата „Зелен транспортер" претставува секојдневната исхрана на стоката со свежа искосена маса. За да се собере брзо и успешно оваа маса, конструирани се специјални самотоварни приколки чија задача е да ја соберат искосената маса, да ја пренесат до објектот и извршување на распределба на масата во јасли. Освен тоа, имаат можност да ги соберат сеното и сламата.

Во поглавјето 29 се објаснети нови усовршувања на постојните машини за жетва, поради големото значење на житните култури за обезбедување на храна, кусиот оптимален агротехнички рок за жетва и различните агроеколошки и организациски фактори во одредени развојни периоди се јавуваат повеќе различни начини на жетва. Во овој технички систем на комбајни се претставени главни оперативни единици во технологијата на собирање на зрно. Затоа комбајните се конструирани и технолошки опремени за различни технолошки операции.

Во поглавјето  44 е објаснета линијата на машини за подготовка на сено и слама - пресите имаат големо значење. Сеното и сламата спаѓаат во кабест материјал, бидејќи имаат голем волумен, а мала маса.

Во поглавјето 45 се објаснети машините за балирање и замотување, каде што балата останува компактна и добро збиена по завиткувањето во фолијата. Го намалува губењето на $CO_2$ и го спречува влегувањето на кислород во балата. Обезбедува висок степен на адхезија за одлично запечатување помеѓу слоевите. Минамалната отпорност на УВ зрачењето е отприлика 1 година, а исто така има и висока отпорност на напукнување.

Во поглавјето 46 се објаснети машините за пелетирање на слама од пченица во пелети од 12 mm x 30 mm. Материјалот се притиска под огромен притисок (2.000 бари) помеѓу два тешки ваљаци и произведува температура помеѓу 70 $^0$C и 100 $^0$C.

Во поглавјето 47 се објаснети нови технологии за интензивно производство, каде што димензиите на балите и нивната тежина е над способноста на човековиот труд. Каде се применува технологијата на пакување во пластични фолии со што балите се заштитени од надворешната средина. Во последно време, пакувањето на бали е од големо значење затоа што се покажало дека на овој начин е многу добро за чување на балите долго се зачувува квалитетно на хранливите вредности и многу малку се оштетуваат со транспортот.

Во поглавјето 48 е објаснето за примената на роботите во земјоделството. Теренски робот кој им помага на земјоделците да ги намалат трошоците за сеење и плевење, без ризик од оштетување на микроструктурата на почвата поради тешка механизација.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од напред изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Драги Таневски, редовен професор во пензија и проф. д-р Зоран Димитровски, редовен професор, констатира дека ракописот за учебникот „МЕХАНИЗАЦИЈА" пријавен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов е напишан според наставна програма за студентите од сите студиски програми на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и ќе биде од голема корист како на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет, така и на пошироката јавност.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на **Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебникот „Механизација " од авторот проф. д-р Ристо Ѓорѓи Кукутанов и истиот да го одобри за користење како универзитетски учебник и негово публикување во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, негово соодветно издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Драги Таневски, редовен професор, с.р.
Д-р Зоран Димитровски, редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА МЕНИ" ОД ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-35/12 од 302. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 31.1.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Оливер Филипоски, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика;
- д-р Владимир Китанов, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МЕНАЏМЕНТ НА МЕНИ**" од **редовен професор д-р Дејан Методијески,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Овој е-учебник е од областа на туризмот и угостителството. Се состои од осум поглавја, што е во согласност со Наставниот план и програмата на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот Менаџмент на мени, за којшто е наменет ракописот, е задолжителен предмет за прв циклус студии на насоката Хотелско-ресторански менаџмент и истиот се изучува во четврта година, седми семестар, на насоката Хотелско-ресторански менаџмент со неделен фонд на часови 3+2+2, а како изборен предмет се изучува на насоката Туризам и угостителство со неделен фонд на часови 2+1+1. Ракописот ќе претставува основна литература во изучување на предметната програма од горенаведената наставна дисциплина. Материјалот во ракопис за е-учебник е изложен концизно, прегледно со слики и табели, со што ќе биде лесно разбирлив и совладлив од страна на студентите за кои е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Менаџмент на мени" има вкупно 174 страници и е предаден за рецензија, среден во А4 формат. Ракописот содржи 38 слики, 26 табели и 12 дијаграми. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот на книгата „Менаџмент на мени" опфаќа 8 поглавја во кои се сублимирани различни концепти поврзани со менаџментот на мени.

Во првото поглавје е опфатен материјалот кој се однесува на дефинирање на угостителството, историскиот развој на угостителството, како и појавата на менијата.

Во второто поглавје се објаснети и дефинирани менијата и опфатени се различните видови на менија.

Во третото поглавје се разгледува целокупниот процес на планирање на мени, тенденциите во ресторанската индустрија, оперативното планирање на мени, стручната литература поврзана со развојот на менијата, факторите кои влијаат на планирањето на мени, механизмите на делување на менито и значењето на рецептите за неговото планирање.

Четвртото поглавје е посветено на презентацијата и дизајнот на менито, оформување и печатење на менито (печатени менија, електронски менија и дигитални дисплеи, менија на табла, менија кои се опишуваат усно), истражувањата за потребите на менито, мени инженеринг, подредувањето на артиклите во менито, формирањето на цените на менито и услужниот персонал и менито.

Петтото поглавје го содржи материјалот поврзан со основните елементи и карактеристики на менаџментот, етиката и лидерството во ресторанското работење и управување со отпад од храна.

Во шестото поглавје е опфатен материјалот кој се однесува на рангирањето со Мишелин ѕвезди во ресторанското работење. Обработени се теми поврзани со постанок и дефинирање на туристичките патеводители, позначајни туристички патеводители во светот, историски развој на патеводителот Мишелин, анонимност на инспекторите од патеводителот Мишелин, географска распространетост на ресторанite со мишелин ѕвезда и преглед на менијата на ресторани со мишелин ѕвезда.

Седмото поглавје ја обработува материјата поврзана со дефинирање на концептот на попреченост и пристапен туризам, меѓународни практики поврзани со пристапен туризам и менија за лица со попреченост.

Во осмото поглавје се прави осврт на кафе култура и кафе туризам, основни аспекти на кафето и понуда на кафе и креирање на мени за кафетерии.

На крајот од ракописот е наведена користената литература по азбучен ред (130 извори), каде што се наведени сите наслови цитирани во материјалот, предмет на овој е-учебник.

**ЗАКЛУЧОК**

Според гореизнесеното, рецензентите констатираа дека поднесениот ракопис за е-учебник „Менаџмент на мени" од редовен професор д-р Дејан Методијески опфаќа научни, стручни и наставни содржини според наставната програма за овој предмет. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран, а ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите. Учебникот ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на туризмот и угостителството, која е целосно во согласност со наставната програма за предметот Менаџмент на мени, кој се изучува во четврта година, седми семестар, на насоката Хотелско-ресторански менаџмент како задолжителен предмет, а на насоката Туризам и угостителство како изборен предмет. Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати позитивно рецензираниот ракопис „Менаџмент на мени", поднесен од редовен професор д-р Дејан Методијески, како основна литература и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Оливер Филипоски, вонреден професор, с.р.
Д-р Владимир Китанов, вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „АПАРАТИ И ИНСТРУМЕНТИ ВО ОПТОМЕТРИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р СТРАХИЛ ГАЗЕПОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-35/18 од 315. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 24.1.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Билјана Ивановска-Аџиевска, насловен вонреден професор за наставно-научна област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Беким Татеши, насловен доцент за наставно-научна област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за учебник **„Апарати и инструменти во оптометрија"** од авторот **проф. д-р Страхил Газепов**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Медицински факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот**: Учебникот **„Апарати и инструменти во оптометрија"** од авторот **проф. д-р Страхил Газепов** е наменет за студентите на прв циклус студии за Високата школа по оптометрија на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, при изучување на предметот Апарати и инструменти во оптометрија.

Според Наставниот план и според Наставната програма, содржината и материјата што се разработува во приложениот ракопис на учебникот **„Апарати и инструменти во оптометрија"** сметаме дека соодветствува на Наставната програма и во целост ја опфаќа наставната материја по предметот Апарати и инструменти во оптометрија, со фонд на часови 2+2, која студентите на прв циклус студии на Високата школа по оптометрија и очна оптика го изучуваат во втор семестар.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебник „Апарати и инструменти во оптометрија" е 122 страници, А4-формат, со проред 1 и со големина на букви 11. Овој ракопис соодветствува според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој учебник е прв специјализиран материјал за студентите по оптометрија и очна оптика – предмет Апарати и инструменти во оптометрија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Краток опис на содржината:** Во првото поглавје на учебникот „Апарати и инструменти во оптометрија" се опфатени процесите на работа и престој во оптичка работилница, како и мерките за лична заштита на оптометристот при

извршување на своите работни задачи. Исто така е даден пример како треба да биде опремена една современа работилница. Детално е објаснето за видовите на диоптерски стакла, видови на леќи, начинот на нивно одредување, препишување на рецепт за очила – негово правилно толкување и целиот процес за изработување на очно помагало – очила.

Во второто поглавје е опишана автоматската периметрија како дијагностичка метода, при што детално е опишан автоматскиот периметар PTS 910 како дијагностички компјутеризиран уред за испитување на видното поле. Дополнително се објаснети сите функции и стратегии со коишто располага овој уред и како правилно се позиционира пациентот за снимање. Во третото поглавје на учебникот „Апарати и инструменти во оптометрија“ се опишани два модерни рефрактометри: 2WIN рефрактометар и Visionfit рефракометар. Овие рефрактометри ги поседуваат најдобрите и најкомплетните технологии за целосно откривање на рефракторните грешки, абнормалности на очите и проблеми со видот. Со нив се откриваат миопија, хиперметропија, астигматизам, како и други аномалии на видот, како што се анизометропија, анизокорија, стабизам, фории.

Овој учебник има за цел студентите да стекнат знаење, разбирање, вештини да бидат способни да дискутираат и да го објаснат принципот на работа и примената на апаратите и инструментите кои се користат во офталмолошката оптика и оптометрија

**ЗАКЛУЧОК**

Според одредбите од Статутот и од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, официјално избраната Рецензентска комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип смета дека поднесениот ракопис „Апарати и инструменти во оптометрија” од проф. д-р Страхил Газепов соодветствува да биде учебно помагало наменето за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Наведениот учебник, со своите научни квалитети, ги задоволува критериумите за објавување како педагошки труд.

Рецензентската комисија, во состав проф. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска и доц. д-р Беким Татеши, му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го објави учебникот „Апарати и инструменти во оптометрија“ од проф. д-р Страхил Газепов.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Билјана Ивановска-Аџиевска, насловен вонреден професор, с.р.
Д-р Беким Татеши, доцент, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| ФМН | Бр.0206-197/3 од 19.2.2024 г. | „Бенефит од интравенска склерозација на инсуфициентни површни вени кај пациенти со симптоматска периферна артериска болест“ | „Benefit of intravenous scierosis of superficial vens in patients with symptomatic peripheral artery diseasemonitored through computed tomography and ultrasound as comparative methods“ | Проф. д-р Милка Здравковска, интерен ментор; проф. д-р Јорго Костов, екстерен ментор | Сашко Николов |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА**

| **Билтен 1.3.2024 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА** | 1.Влијанието и ефектот на рекламирањето врз убедувањето и промената на ставот и однесувањето на потрошувачите | 2102-111/8 од 15.6.2023 год. | Проф. д-р Александра Жежова | Ивана Јанева-Попов |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 2. Казнената политика во Северна Македонија vis-à-vis етиолошки и феноменолошки карактеристики на детското престапништво | 1102-46/9 од 21.2.2024 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Кристина Јовановска |